**Матрица на промени кон Упатството за корисници на средства од Мерка 3 – "Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи", кои се релевантни за јавниот повик бр. 01/2022**

| Стр. | Глава | Точка Потточка | Стара верзија | Верзија Јавен повик 01/2022 | Образложение |
|---|---|---|---|---|---|
| 3 | 5. Ипард трошоци | 5.1 Прифатливи трошоци<br>а) Материјални инвестиции | • Купување на материјал за градба и елементи за изградба на нови или реконструкција на постоечки згради и објекти до целосна функционалност. | • Инвестиции намененти за искористување на обновливи извори на енергија за сопствени потреби - поставување/инсталирање на фотонапонски панели за производство на енергија за сопствени потреби. | Во јавниот повик 01/2022 градбата не е прифалив трошок, освен поставувањето/инсталирањето на фотонапонски панели за производство на енергија за сопствени потреби. |
| 4 | 5. Ипард трошоци | 5.1 Прифатливи трошоци<br>(в) Општи трошоци (поврзани со трошоци под точки (а) и (б) | • Подготовка на техничка документација, **градежни** технички планови и придружни студии | • Подготовка на техничка документација, технички планови и придружни студии | Подготовка на градежни планови не е прифатлив трошок од причина што во Јавен повик 01/2022 за мерка 3 градбата не е прифалив трошок. Прифатливи трошоци се подготовка на техничка документација, технички планови и придружни студии само за инвестициите за поставување/инсталирање на фотонапонски панели за производство на енергија за сопствени потреби |
| 6 | 6. Кој може да биде корисник | / | За јавниот повик **02/2019** за утврдување на големината на барателите ќе се користат податоци од документот „ПРЕГЛЕД НА ПОДАТОЦИ ОД ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА **2018** ГОДИНА" кој АФПЗРР го прибавува по службена должност од Централниот Регистар на Република Северна Македонија, како и податоците од депозитарот на хартии од вредност преку потврда за поседување на акции која ја доставува барателот. | За јавниот повик **01/2022** за утврдување на големината на барателите ќе се користат податоци од документот „ПРЕГЛЕД НА ПОДАТОЦИ ОД ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА **2019, 2020 и 2021** ГОДИНА" кој АФПЗРР го прибавува по службена должност од Централниот Регистар на Република Северна Македонија, како и податоците од депозитарот на хартии од вредност преку потврда за поседување на акции која ја доставува барателот. | По Јавен повик 01/2022 за мерка 3 се користат податоци од документот „ПРЕГЛЕД НА ПОДАТОЦИ ОД ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА **2019, 2020 и 2021** ГОДИНА" |
| 7 | 7. Критериум и за доделување на средства | 6 | Корисникот е должен да ги исполни минималните национални стандарди поврзани со реализација на инвестицијата пред поднесување на барањето за исплата. Документите издадени за оценување на усогласеноста на проектот во однос на важечките национални минимум стандарди за јавно здравје, благосостојба на животните, заштита на | • Корисникот е должен да ги исполни минималните национални стандарди поврзани со реализација на инвестицијата пред поднесување на барањето за исплата. Документите издадени за оценување на усогласеноста на проектот во однос на важечките национални минимум стандарди за јавно здравје, благосостојба на животните, заштита на | Имајќи во предид кусиот рок за реализација на инвестициите до 31.05.2023 година, нема основ да се овозможи и вториот дел од критериумот "Во случај кога со документите на институциите е истакнато дека барателот не ги исполнил тие стандарди се доделува транзиционен период за |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | животната средина и безбедноста при работа треба да се направат врз основа на претходна проценка на проектот каде што е соодветно. Ако таква проценка е извршена од страна на институциите во претходните шест месеци од денот на поднесување на барањето, овие документи ќе се земат во предвид од страна на АФПЗРР. **Во случај кога со документите на институциите е истакнато дека барателот не ги исполнил тие стандарди се доделува транзиционен период за исполнување на релевантните стандарди пред поднесувањето на барањето за исплата. Во вакви случаеви најмногу за 3 години може да се продолжи реализацијата на инвестицијата. Листата на минимални национални стандарди за спроведување на мерка 3 е дадена во Прилог 3 на ова Упатство.** | животната средина и безбедноста при работа треба да се направат врз основа на претходна проценка на проектот каде што е соодветно. Ако таква проценка е извршена од страна на институциите во претходните шест месеци од денот на поднесување на барањето, овие документи ќе се земат во предвид од страна на АФПЗРР. | исполнување на релевантните стандарди пред поднесувањето на барањето за исплата. Во вакви случаеви најмногу за 3 години може да се продолжи реализацијата на инвестицијата. |
| 9 | 9. Потребни документи при поднесување на барањето | Документ со реден број 19 | Копии од лиценци за градба за релевантната категорија на градба за секој понудувач | Копии од лиценци за градба за релевантната категорија на градба за секој понудувач **(само за инвестиции за поставување/инсталирање на фотонапонски панели за производство на енергија за сопствени потреби)** | Докумнетот, Копии од лиценци за градба за релевантната категорија на градба за секој понудувач, не се бара по Јавен повик 01/2022 за мерка 3, од причина што градбата на објекти не е прифатлив трошок, освен поставувањето/инсталирањето на фотонапонски панели за производство на енергија за сопствени потреби. |
| 10 | 9. Потребни документи при поднесување на барањето | Документ со реден број 26 | Правосилно одобрението за поставување на **опрема за производство на енергија од обновливи извори** или<br>**Одобрение за :**<br>**• изградба на нов обејкт**<br>**• реконструкција на постоечки објект**<br>**• адаптација на постоечки објект**<br>**• доградба на постоечки објект**<br>**• надградба на постоечки објект**<br>**• поставување на опрема за производство на енергија од обновливи извори на енергија**<br>**• изведена состојба или изјава од** | • Правосилно одобрение за поставување на **фото-напонски панели за производство на електрична енергија** или<br>**• Правосилно одобрение за градба за објектот на кој се планира да се инсталира опремата која е предмет на инвестицијата или**<br>• Потврда од релевантната институција дека за предложената инвестиција не е потребно одобрение за градба. | Наведените одобренија не се бараат по Јавен повик 01/2022 за мерка 3, од причина што градбата не е прифатлив трошок. Воедно, поради кусиот рок за реализација на инвестициите до 31.05.2023, **заедно со Барањето треба да се достави:**<br>• Правосилно одобрение за поставување на фото-напонски панели за производство на електрична енергија или |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **барателот дека релевантното одобрение ќе се достави до денот на донесување на решението за одобрување на барањето за финансиска поддршка но не подолго од 1 година од денот на поднесување на барањето или**<br>• потврда од релевантната институција дека за предложената инвестиција не е потребно одобрение за градба. | | • Правосилно одобрение за градба за објектот на кој се планира да се инсталира опремата која е предмет на инвестицијата или<br>• Потврда од релевантната институција дека за предложената инвестиција не е потребно одобрение за градба. |
| 10 | 9. Потребни документи при поднесување на барањето | Документ со реден број 27 | Решението за промена на инвеститор или изјава од барателот дека релевантното решение ќе се достави до денот на донесување на решението за одобрување на барањето за финансиска поддршка но не подолго од 1 година од денот на поднесување на барањето. Решение за промена на инвеститор се доставува само доколку одобрението за градба не е издадено на име на Барателот | Се брише | Документот, не се бара по по Јавен повик 01/2022 за мерка 3, од причина што градбата не е прифатлив трошок. |
| 10 | 9. Потребни документи при поднесување на барањето | Документ со реден број 28 | Копии или електронска форма (цд) од основните технички цртежи и предмер - пресметка од ревидирана техничка документација за инвестиции кои вклучуваат набавка **на опрема за производство на енергија од обновливи извори.**<br>**Копии или електронска форма (цд) од основните технички цртежи и предмер - пресметка од ревидирана техничка документација за**<br>**• изградба на нов обејкт**<br>**• реконструкција на постоечки објект**<br>**• адаптација на постоечки објект**<br>**• доградба на постоечки објект**<br>**• надградба на постоечки објект**<br>**• изведена состојба** | Копии или електронска форма (цд) од основните технички цртежи и предмер - пресметка од ревидирана техничка документација за инвестиции кои вклучуваат набавка **и поставување/инсталирање на фотонапонски панели за производство на енергија за сопствени потреби.** | Документот, не се бара по по Јавен повик 01/2022 за мерка 3, од причина што градбата не е прифатлив трошок, освен набавка и поставување/инсталирање на фотонапонски панели за производство на енергија за сопствени потреби. |
| 10 | 9. Потребни документи при поднесување на барањето | Документ со реден број 29 | Времена ситуација/состојба за сите завршени градежни работи. Времена ситуацијасе доставува само доколку барателот има изградено дел од објектот кој е предмет на инвестиција и за истиот не бара финансиска поддршка | Се брише | Документот, не се бара по Јавен повик 01/2022 за мерка 3, од причина што градбата не е прифатлив трошок. |
| 11 | 10.Администр ативна | 10.1 Поднесување | По објавување на јавниот повик, од страна на АФПЗРР, за поднесување на барања за | По објавување на јавниот повик, од страна на АФПЗРР, за поднесување на барања за | Оваа промена е направена од причина што потенцијалните |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | процедура за обработка на барањето | на барањето за финансиска поддршка<br><br>Став 1 | користење на средства од мерка 3 “Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски производи“, потенцијалниот корисник на средствата треба да поднесе „Барање за користење на средства од мерка 3 “од ИПАРД Програмата 2014 – 2020“. Барањето треба да биде коректно и читливо пополнето на македонски јазик и кирилично писмо. Заедно со барањето треба да бидат доставени и сите придружни општи и посебни документи соодветно на типот на инвестиција. Барањата, комплетирани со целокупната документација, затворени во плик на кој на горниот лев агол да пишува „НЕ ОТВАРАЈ за Јавен повик ИПАРД бр. **2/2019**“ како и мерката за која се поднесува барањето, да бидат доставени:- по препорачана пошта на адреса:<br>Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и рурален развој ул. „3-та Македонска бригада“ бр.20 зграда на Македонија Табак блок Ц 1000 Скопје, Република Македонија или лично на рака во писарницата на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР), на истата адреса. | користење на средства од мерка 3 “Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски производи“, потенцијалниот корисник на средствата треба да поднесе „Барање за користење на средства од мерка 3 “од ИПАРД Програмата 2014 – 2020“. Барањето треба да биде коректно и читливо пополнето на македонски јазик и кирилично писмо. Заедно со барањето треба да бидат доставени и сите придружни општи и посебни документи соодветно на типот на инвестиција. Барањата, комплетирани со целокупната документација, затворени во плик на кој на горниот лев агол да пишува „НЕ ОТВАРАЈ за Јавен повик ИПАРД бр. **01/2022** “ како и мерката за која се поднесува барањето, да бидат доставени:- по препорачана пошта на адреса:<br>Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и рурален развој ул. „3-та Македонска бригада“ бр.20 зграда на Македонија Табак блок Ц 1000 Скопје, Република **Северна** Македонија или лично на рака во писарницата на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР), на истата адреса. | корисници кога аплицираат по Јавен повик 01/2022, при аплицирањето треба на ковертот да го запишат точниот Јавен повик по кој аплицирта а тоа е Јавен повик бр 01/2022 за мерка 3 “ Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи. |
| 14 | 11. Реализација на договорот | Став 1 | Со реализацијата на проектот може да се почне откако договорот за кофинансирање е потпишан и може да има времетраење од **максимум 2 години.** Службите на ИПАРД Агенцијата или институции на кои ИПАРД Агенцијата може да делегира одговорност, ќе спроведе мониторинг и надзор над извршувањето на проектите. Следење на имплементацијата на проектот, исто така, може да се контролира преку обврската на корисникот за известување за напредокот на спроведувањето на проектот,исто така, може да се контролира преку обврскатата на корисникот за известување за напредокот на спроведувањето на | Со реализацијата на проектот може да се започне откако договорот за кофинансирање е потпишан. **Крајниот рок за реализација на договорите во рамките на јавниот повик 01/2022 е и може да има времетраење заклучно заклучно до 31.05.2023, а рокот за поднесување на барањата за исплата е 30.06.2023 година.** Службите на ИПАРД Агенцијата или институции на кои ИПАРД Агенцијата може да делегира одговорност, ќе спроведе мониторинг и надзор над извршувањето на проектите. Следење на имплементацијата на проектот, исто така, може да се контролира преку обврската на | Оваа промена е направена како резултат на крајниот рок за реализација на сите инвестиции по ИПАРД Програмата 2014-2020 а со тоа и искористување на последните финансиски средства по програмата. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | проектот **или преку извештаи од технички надзор во текот на изградбата.** | корисникот за известување за напредокот на проведувањето на проектот. | |
| 20 | Прилог 2 Листа на прифатливи трошоци | Точка 3 од табелата на прифатливи трошоци | / | **Се брише** | Оваа промена е направена од причина што градбата не е прифатлив трошок по Јавен повик 01/2022 за мерка 3 |
| 20 | Прилог 2 Листа на прифатливи трошоци | Точка 4 Работи и услуги | Сите потребни работи и услуги поврзани со реализацијата на инвестицискиот проект:<br>- **подготовка на терен**<br>**- градежни работи**<br>**- реконструкција**<br>- инсталација | Сите потребни работи и услуги поврзани со реализацијата на инвестицискиот проект:<br>- инсталација | Оваа промена е направена од причина што градбата не е прифатлив трошок по Јавен повик 01/2022 за мерка 3, освен поставување/инсталирање на фотонапонски панели за производство на енергија за сопствени потреби. |
| 20, 21 | Прилог 2 Листа на прифатливи трошоци | Точка 7 Општи трошоци | • Подготовка на техничката документација, планови за изградба и придружни студии, пресметка на трошоците, на пазарот и маркетинг анализа, изработка на оцена за заштита на животната средина, управување со проекти:<br>- архитекти<br>- инженери<br>- консултанти<br>• Стекнување на патентни права и лиценци<br>• Системи за управување со:<br>- ISO<br>- Подготовка за имплементација на HACCP<br>- GMP (Добра производна пракса)<br>• Публицитет и информативни материјали:<br>- билборди<br>- плакети<br>- налепници | • Подготовка на техничката документација, планови за изградба **(само за инвестиции за поставување/инсталирање на фотонапонски панели за производство на енергија за сопствени потреби)** и придружни студии, пресметка на трошоците, на пазарот и маркетинг анализа, изработка на оцена за заштита на животната средина, управување со проекти:<br>- архитекти<br>- инженери<br>- консултанти<br>• Стекнување на патентни права и лиценци<br>• Системи за управување со:<br>- ISO<br>- Подготовка за имплементација на HACCP<br>- GMP (Добра производна пракса)<br>• Публицитет и информативни материјали:<br>- билборди<br>- плакети<br>- налепници | Оваа промена е направена од причина што градбата не е прифатлив трошок по Јавен повик 01/2022 за мерка 3, освен поставување/инсталирање на фотонапонски панели за производство на енергија за сопствени потреби. |